Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 368/3
27-06-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-368/1 од 11.4.2024 година поднесена од [redacted] од [redacted], Битола, против [redacted] Битола, за извршена дискриминација врз основа на бременост во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-368/1 од 11.4.2024 година поднесена од [redacted] против [redacted] Битола за извршена дискриминација врз основа на бременост во областа на работата и работните односи **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 11.4.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] против [redacted] Битола за извршена дискриминација врз основа на бременост во областа на работата и работните односи.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, <u>околностите и фактите врз кои се темели претставката</u>, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што во претставката не беше наведено образложение, односно не беа изнесени фактите и околностите врз кои подносителката ја темели претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 12.4.2024 година испрати Барање за доуредување на претставката до подносителката. Со барањето подносителката беше задолжена во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди претставката во насока што ќе наведе образложение.

Од причина што претставката не беше доуредена во законски предвидениот рок од страна на подносителката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката заради неуредност.

Скопје
27.6.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Скопје - Shkup

Доставено до:
- [redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368; +389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk